**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**
**поврзани со Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17)**

**30.10.2017 година**

**Прашање: Кои изложености треба се сметаат како изложености кон клиенти од приватниот сектор, со цел нивно вклучување во утврдувањето на специфичната стапка на противцикличен заштитен слој на капиталот (точката 14 став 4 од Одлуката)?**

**Одговор:** При утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот, согласно со одредбите од точката 14 став 4 од Одлуката, банката треба да ги вклучи изложеностите кон нефинансиските друштва (со исклучок на изложеностите кон јавните нефинансиски друштва), непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата, финансиските друштва (со исклучок на изложеностите кон централните банки, банките и штедилниците), како и изложеностите кон домаќинствата, имајќи ја предвид класификацијата според институционалните сектори, којашто е утврдена во прилогот 2 од Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11, 152/11, 110/13, 141/16, 83/17 и 96/17). Притоа, при утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот, банката треба да ги вклучи горенаведените изложености независно од тоа во кој од извештаите за активата пондерирана според кредитниот ризик - обрасците АПКР од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/12, 109/12, 106/15, 18/16, 11/17 и 24/17) се прикажани.

**Прашање: Дали при пополнувањето на образецот ССПЗСК треба да се зема предвид пондерираната позитивна разлика од образецот Д75 од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот?**

**Одговор:** При пополнувањето на податоците за капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик во Извештајот за утврдување на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот (образец ССПЗСК), не треба да се зема предвид пондерираната позитивна разлика од образецот Д75 со оглед на фактот дека не станува збор за изложеност кон конкретен клиент на банката, туку за разлика во состојбите на пречекорувања на трансакциските сметки и издадените кредитни картички, на датумот на известување и на 31.12.2015 година.